# Пријавување, утврдување и плаќање
# на данок на доход на капитални добивки
# од продажба на хартии од вредност



**Министерство за финансии**
**Управа за јавни приходи**

**Март 2007**

**Што треба да знаете како даночниот обврзник - акционер**

**Почитувани акционери,**

Од 1 јануари 2006 година се воведе оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност.

Согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход на оданочување подлежат приходите кои ги стекнуваат граѓаните по основ на капитални добивки.



**Што претставува капитална добивка од хартии од вредност?**

Капитална добивка од хартии од вредност претставува приходот што ќе го остварите од продажба на хартии од вредност, односно разликата што ќе се оствари помеѓу продажната цена на хартиите од вредност и нивната набавна цена.

Како хартии од вредност се сметаат следниве инструменти: акции во трговски друштва, обврзници, акции и удели во инвестициони фондови кои работат според Законот за инвестициони фондови, деривативни финансиски инструменти, потврда за странска хартија од вредност и други финансиски инструменти кои според Комисијата за хартии од вредност се сметаат за хартии од вредност.

**Дали капиталните добивки од продажба на обврзници за денационализација** и **обврзници за депонирани девизни влогови издадени од Република Македонија подлежат на оданочување ?**

**Капиталните добивки** кои ги остваруваат физичките лица при продажбата на обврзници за денационализација и обврзници за депонирани девизни влогови издадени од Република Македонија **не подлежат на оданочување со персонален данок на доход.**

**Што е продажна, а што набавна цена на хартиите од вредност?**

**Продажна цена** на хартиите од вредност е цената која сте ја договориле и по која сте ги продале акциите.

Управата за јавни приходи, за даночни цели,може да ја утврди продажната цена доколку оцени дека договорената цена е пониска од пазарната.

**Набавна цена** на хартиите од вредност е цената по која сте ги набавиле или стекнале и која документирано ќе ја докажете.

Ако тоа не го сторите, а акциите кои ги пријавувате **котираат на берзата**, Управата за јавни приходи како набавна цена ќе ја земе најниската цена на акциите од трансакциите извршени во текот на годината која претходи на продажбата на хартијата од вредност.

Доколку хартиите од вредност кои ги продавате **не котираат на берзата**, како набавна цена ќе се смета цената која документирано ќе ја докажете како стварно

платена, или ако тоа не го сторите, нивната номинална вредност.



**Кога да ги пријавите Вашите приходи?**

Доколку сте ствареније приходи од продажба на хартии од вредност истите треба да ги пријавите најдоцна во рок од 15 дена од денот на нивното остварување.



**Каде да ги пријавите Вашите приходи?**

Пријавувањето треба да го извршите во Управата за јавни приходи на чија територија се наоѓа Вашето живеалиште.

**Како да ги пријавите Вашите приходи?**

Пријавувањето на приходите од продажба на хартии од вредност ќе го извршите со пополнување на Аконтативна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на капитални добивки-образец "ПДД-АДП/КД".[1]

**Како да постапите доколку остварите загуба?**

Доколку остварите капитална загуба од продажба на хартии од вредност, имате обврска истата да ја пријавите со пополнување на Аконтативна даночна пријава.



**Колку пријави треба да поднесете?**

Ако во исто време имате две трансакции во кои сте оствариле по една капитална добивка/загуба од продажба на хартии од вредност, во тој случај ќе поднесете една Аконтативна даночна пријава.

Ако сте оствариле повеќе капитални добивки од ист вид (имате повеќе трансакциии од продажба на хартии од вредност), во тој случај соодветно на трансакциите поднесувате толкав број на пријави.

[1] **Образецот"Аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на капитални добивки-"ПДД-АДП/КД" можете да го преземете од ВЕБ страната на УЈП www.ujp.gov.mk**

Доколку сте оствариле капитална загуба од продажба на хартии од вредност, загубата Ви се пребва со наредните капиталните добивки кои ќе ги остварите.

Пребивањето на капиталната загуба од хартии од вредност се врши со остварените капитални добивки од продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот.

Доколку и по извршеното пребивање се појави капитална загуба, нејзиниот износ можете да го пренесете на идните капитални добивки во наредните три години.

**Кога Управата за јавни приходи ќе ги утврди Вашите даночни обврски?**

Врз основа на податоците од даночната пријава за приходите остварени од продажба на хартии од вредност Управата за јавни приходи ќе ја утврди Аконтацијата на данокот на доход со решение, Решението за данокот на доход Управата за јавни приходи ќе го донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на Вашата даночната пријава.

**На која даночната основа ќе се утврди данокот на капитални добивки?**

Управата за јавни приходи ќе го пресмета данокот на даночната основа која претставува 70% од разликата помеѓу продажната цена на хартиите од вредност и нивната набавна цена.

**Која даночната стапка се применува?**

За оданочување на остварените капитални добивки во 2007 година се применува даночна стапка од 12%.

Од 01.01 2008 година ќе се применува даночна стапка од 10% .

**Какви се Вашите обврски доколку сте странско физичко лице, а остварувате приходи од капитални добивки од продажба на хартии од вредност на територијата на Република Македонија?**

Доколку сте странско физичко лице-нерезидеднт на Република Македонија, а остварувате приходи од продажба на хартии од вредност во Република Македонија, данокот на доход ќе Ви биде утврден врз основа на податоците од поднесената даночна пријава за капитални добивки на основа која претставува 70% од разликата помеѓу продажната цена на хартиите од вредност и нивната набавна цена, со примена на стапката од 12% .

Утврдениот данок со Решение на Управата за јавни приходи ќе представува конечо утврдена даночна обврска (Вие не сте во обврска да поднесувате Годишна даночна пријава-ПДД-ГДП)

**Како ќе го платите данокот?**

Данокот на доход утврден со Решението на Управата за јавни приходи треба да го платите во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на обврската, со платниот образец ПП 50 на следната уплатна сметка:

| **Назив на уплатна сметка** | **Сметка** | **Врска со приходно конто** |
|---|---|---|
| **Данок на доход на приходи од капитални добивки од продажба на хартии од вредност** | **840-1520** | **711125** |

**Кои  други обврски ги имате како даночен обврзник?**

Како физичко лице - резидент на Република Македонија, должни сте да поднесете Годишна даночна пријава за остварените приходи од сите извори  кои подлежат на оданочување во годината најдоцна до 15 март наредната година. Во наведените приходи се вклучуваат и остварените приходи од капитална добивка.

**Управа за јавни приходи**
**www.ujp.gov.mk**